Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, член 20 став 1 алинеја 15 и член 96 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, а во врска со член 76-в став 1, член 75, член 75-ѓ став 1, член 76, член 76-а ставови 2 и 8 и член 76-б од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-2043/2 од 25.04.2024 година, се изготви пречистен текст на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024.

Пречистениот текст на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, ги опфаќа: Упатството за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1550/1 од 29.03.2024 година, Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1911/1 од 15.04.2024 година и Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1911/2 од 26.04.2024 година.

# УПАТСТВО ЗА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ<br>ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ЗА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2024<br>(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

**1.** Со ова Упатство се појаснува начинот на примена на правилата од Изборниот законик за лимитите за платено политичко рекламирање (ППР), означување на нарачателот на рекламирањето, распределбата на времето во вести кај Јавниот радиодифузен сервис (ЈРС), бесплатното политичко претставување на Собранискиот канал, обезбедувањето пристапност на содржините за изборниот процес за лицата со попреченост, како и правилата за известување во деновите на изборниот молк, за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 година, особено за периодот на преклопување на двата изборни процеси.

## *Платено политичко рекламирање*

**2.** За време на изборната кампања за Претседателските избори, во првиот круг на гласање, радиодифузерите може да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди (00:09:30) дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање.

**3.** Во согласност со распределбата на времето за платено политичко рекламирање утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, вкупно деветте минути и триесет секунди (00:09:30) на реален час емитувана програма, подносителите на листи ќе ги користат на следниов начин:

- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи/кандидатите за претседател – Стево Пендаровски, поддржан од политичката партија СДСМ; и Бујар Османи, поддржан од политичката партија ДУИ.
- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи/кандидатите за претседател – Гордана Силјановска-Давкова, поддржана од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ; и Арбен Таравари, поддржан од политичките партии Алтернатива и Движење БЕСА.
- Во максимум 1-та минута наменета за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи/кандидатите за претседател – Билјана Ванковска-Цветковска, поддржана од политичката партија Левица; и Стевчо Јакимовски, поддржан од политичката партија ГРОМ.
- Во преостанатите 30 секунди наменети за политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителот на листа/кандидатот за претседател – Максим Димитриевски, поддржан од политичката партија ЗНАМ.

**4.** Дозволеното време за рекламирање меѓу подносителите на листи ќе се распределува врз основа на претходен писмен договор меѓу нив. Притоа, секој подносител на листа/кандидат за претседател може да го закупи и вкупно дозволеното време за ППР од својата категорија (4 минути/4 минути/1 минута/30 секунди), доколку не постои заинтересираност од другиот подносител на листа/кандидат за претседател и доколку тоа е во согласност со постигнатиот договор.

**5.** За време на изборната кампања за Претседателските избори, во вториот круг на гласање, радиодифузерите може да емитуваат вкупно осум минути (00:08:00) дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои најмногу четири минути (00:04:00) за подносителот на листа/кандидатот за претседател – Стево Пендаровски, поддржан од политичката партија СДСМ, и најмногу четири минути (00:04:00) за подносителката на листа/кандидатката за претседател – Гордана Силјановска-Давкова, поддржана од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

**6.** За време на изборната кампања за Парламентарните избори, радиодифузерите имаат право на дополнителни вкупно девет минути и триесет секунди (00:09:30) за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање (ППР).

**7.** Вкупно деветте минути и триесет секунди (00:09:30) на реален час емитувана програма за платено политичко рекламирање за Парламентарните избори, подносителите на листи ќе ги користат во согласност со распределбата на времето утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, и тоа:

- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи – КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ.
- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи - КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ и КОАЛИЦИЈА ВЛЕН.
- Во максимум 1-та минута наменета за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи - ПАРТИЈА ЛЕВИЦА и КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА.
- Во преостанатите 30 секунди наменети за политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи:
  - ✓ ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА;
  - ✓ Политичка партија АВАЈА;
  - ✓ ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ;
  - ✓ ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА;
  - ✓ ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ;
  - ✓ ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ;
  - ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА;
  - ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ;
  - ✓ ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА;
  - ✓ РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; и
  - ✓ ТВОЈА ПАРТИЈА.

**8.** Оттаму, вкупното време за платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма кај радиодифузерите ќе изнесува:

- девет минути и триесет секунди (00:09:30) во периодот од 4 до 17 април 2024 година;
- деветнаесет минути (00:19:00) во периодот од 18 до 22 април 2024 година;
- девет минути и триесет секунди (00:09:30) на 23 и на 24 април 2024 година; и

- во периодот од 25 април до 6 мај 2024 година, девет минути и триесет секунди (00:09:30) за Парламентарните избори и осум минути (00:08:00) за вториот круг од Претседателските избори.

**9.** При склучувањето договори за платено политичко рекламирање и неговото емитување, радиодифузерите мора да водат сметка за почитувањето на вкупно дозволените лимити на реален час за секоја од категориите подносители на листи и за почитувањето на вкупно дозволеното време за ППР на реален час емитувана програма.

**10.** Во согласност со член 76 став 2 од Изборниот законик, во сите облици платено политичко рекламирање, нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен.

**11.** Како нарачатели на рекламирањето за Претседателските избори треба да се наведат имињата на кандидатите за претседател - Стево Пендаровски, Бујар Османи, Гордана Силјановска-Давкова, Арбен Таравари, Билјана Ванковска-Цветковска, Стевчо Јакимовски и Максим Димитриевски.

**12.** Како нарачатели на рекламирањето за Парламентарните избори треба да се наведат називите на подносителите на потврдените листи на кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, односно следниве потврдени листи:

- ✓ КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА;
- ✓ КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ;
- ✓ КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ;
- ✓ КОАЛИЦИЈА ВЛЕН;
- ✓ ПАРТИЈА ЛЕВИЦА;
- ✓ КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА;
- ✓ ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА;
- ✓ Политичка партија АВАЈА;
- ✓ ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ;
- ✓ ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА;
- ✓ ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ;
- ✓ ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ;
- ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА;
- ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ;
- ✓ ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА;
- ✓ РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; и
- ✓ ТВОЈА ПАРТИЈА.

***Распределба на времето во вестите на ЈРС***

**13.** Во согласност со член 76-а став 2 од Изборниот законик, за време на изборната кампања за Претседателските избори, во првиот круг на гласање, Јавниот радиодифузен сервис за подносителите на листи/кандидатите за претседател во вестите известува на следниов начин:

- во 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, информира за изборната кампања на кандидатите за претседател – Стево Пендаровски и Бујар Османи;
- во 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција, информира за изборната кампања на кандидатите за претседател - Гордана Силјановска-Давкова, Арбен Таравари, Билјана Ванковска-Цветковска и Стевчо Јакимовски;
- во 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Северна Македонија и за независните кандидати, информира за изборната кампања на кандидатот за претседател– Максим Димитриевски.

**14.** Од 18 април 2024 година, со започнување на изборната кампања за Парламентарните избори заклучно со 22 април 2024 година, Јавниот радиодифузен сервис во истите три целини (30%+30%+10%) од вестите информира и за подносителите на листи за овој изборен процес, односно:

- во 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, информира за изборната кампања на кандидатите за претседател – Стево Пендаровски и Бујар Османи, и за подносителите на листи за пратеници - КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ.
- во 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција, информира за изборната кампања на кандидатите за претседател - Гордана Силјановска-Давкова, Арбен Таравари, Билјана Ванковска-Цветковска и Стевчо Јакимовски, и за подносителите на листи за пратеници - КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ; КОАЛИЦИЈА ВЛЕН; ПАРТИЈА ЛЕВИЦА; и КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА.
- во 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Северна Македонија и за независните кандидати, информира за изборната кампања на кандидатот за претседател - Максим Димитриевски, и за подносителите на листи за пратеници - ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА; Политичка партија АВАЈА; ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ; ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА; ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ; ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ; ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА; РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; и ТВОЈА ПАРТИЈА.

**14-а.** Од 25 април 2024 година, со започнување на вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори, Јавниот радиодифузен сервис во трите целини

(30%+30%+10%) од вестите информира и за претседателските кандидати и за подносителите на листи за пратеници, односно:

- во 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, информира за изборната кампања на кандидатот за претседател – Стево Пендаровски и на подносителите на листи за пратеници - КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ.
- во 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција, информира за изборната кампања на кандидатката за претседател - Гордана Силјановска-Давкова и на подносителите на листи за пратеници - КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ; КОАЛИЦИЈА ВЛЕН; ПАРТИЈА ЛЕВИЦА; и КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА.
- во 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Северна Македонија и за независните кандидати, информира за изборната кампања на подносителите на листи за пратеници - ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА; Политичка партија АВАЈА; ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ; ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА; ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ; ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА; ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ; ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА; РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; и ТВОЈА ПАРТИЈА.

***Бесплатно политичко претставување на Собраниски канал***

**15.** За време на изборната кампања за Претседателските избори, во првиот круг на гласање, Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија ќе обезбеди по три часа бесплатно политичко претставување на кампањите на секој од подносителите на листи/кандидатите за претседател поддржани од политичките партии застапени во Собранието на Република Северна Македонија, како и вкупно еден час за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија.

**16.** По три (3) часа за бесплатно политичко претставување за време на првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори, ќе добие секој од следниве подносители на листи/кандидати за претседател: Стево Пендаровски, Бујар Османи, Гордана Силјановска-Давкова, Арбен Таравари, Билјана Ванковска-Цветковска и Стевчо Јакимовски.

**17.** Вкупно еден (1) час за бесплатно политичко претставување за време на првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори, ќе добие кандидатот за претседател Максим Димитриевски.

**18.** Во вториот круг од изборната кампања за Претседателските избори, Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија ќе одвои еднакво време, по три (3) часа, за бесплатно политичко

претставување за секој од двајцата кандидати за претседател - Гордана Силјановска-Давкова и Стево Пендаровски.

**19.** За време на изборната кампања за Парламентарните избори, Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија, секој ден ќе обезбеди вкупно три часа за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи од политичките партии застапени во Собранието на Република Северна Македонија, како и вкупно еден час секој ден за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи кои не се застапени во Собранието на Република Северна Македонија.

**19-а.** Времето од вкупно три (3) часа, секој ден, за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи за пратеници ќе го користат:

- ✓ КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА;
- ✓ КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ;
- ✓ КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ;
- ✓ КОАЛИЦИЈА ВЛЕН;
- ✓ ПАРТИЈА ЛЕВИЦА; и
- ✓ КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА.

**19-б.** Времето од вкупно еден (1) час, секој ден, за бесплатно политичко претставување на кампањите на подносителите на листи за пратеници ќе го користат:

- ✓ ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА;
- ✓ Политичка партија АВАЈА;
- ✓ ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ;
- ✓ ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА;
- ✓ ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ;
- ✓ ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ;
- ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА;
- ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ;
- ✓ ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА;
- ✓ РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; и
- ✓ ТВОЈА ПАРТИЈА.

**20.** За начинот на користење на времето за бесплатно политичко претставување ќе одлучи Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Северна Македонија во согласност со својата уредувачка политика, за што навреме ќе ги извести подносителите на листи.

### *Пристапност на содржините за изборниот процес*

**21.** Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво што ќе објавуваат платено политичко рекламирање, во согласност со обврските од член 75 ставови 1, 4 и 5 на Изборниот законик, содржините поврзани со изборниот процес треба да ги емитуваат во формат пристапен за лицата со попреченост.

**22.** Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво ќе обезбедат пристапност на:

- најмалку едно издание на вести, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, секој ден; и
- најмалку една друга емисија поврзана со изборниот процес, во периодот од 16:00 до 24:00 часот, еднаш неделно.

**23.** Јавниот радиодифузен сервис и телевизиите на државно ниво што ќе објавуваат платено политичко рекламирање, податоците за пристапните содржини поврзани со изборниот процес, треба да ги достават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најдоцна до 1 април 2024 година.

### *Изборен молк*

**24.** За време на изборниот молк за Претседателските избори, на 23 и на 24 април (до 19 часот) 2024 година, продолжува изборната кампања за Парламентарните избори, но запира медиумското покривање во вестите и во посебните-информативни емисии на учесниците во изборните кампањи за двата изборни процеси.

**25.** За активностите од изборната кампања за Парламентарните избори што ќе се случуваат на 23 и на 24 април 2024 година, радиодифузерите во согласност со својата уредувачка политика, може да информираат на 24 април по 19 часот, односно по затворање на гласачките места.

**26.** За време на изборниот молк за Претседателските избори, продолжува емитувањето на облиците на „директен пристап до избирачите“ (бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање) на учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори.

### *Завршни одредби*

(точка 27 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1550/1 од 29.03.2024 година)

**27.** Имајќи предвид дека во периодот на усвојување на ова Упатство не се познати сите податоци за подносителите на листи за изборните процеси, особено во однос на точките 5, 7, 8, 12, 14 и 19, во наредниот период, по потреба, Упатството ќе биде соодветно дополнето.

(точка 28 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1550/1 од 29.03.2024 година)

**28.** Измени и дополнувања на ова Упатство се вршат во писмена форма.

(точка 29 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1550/1 од 29.03.2024 година)

**29.** Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(точка 5 од Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1911/1 од 15.04.2024 година)

**30.** Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(точка 6 од Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, арх.бр.01-1911/2 од 26.04.2024 година)

**31.** Ова Упатство влегува во сила со денот на донесување, и ќе биде објавено на веб сајтот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.01-2071/1**
**26.04.2024 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**